# 39

# ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
# - АМАТЕРИ -
# ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# МАЈ - 2000




*Неждет Саити - Џети - награда за техника акварел - од КИЦ*

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

*Изложбата ликовни уметници - аматери од Р.Македонија е традиционална и истата има за цел да го прикаже развојниот пат на аматеризмот, стимулирано да делува на самоуките талентирани творци и воедно да им овозможи да излезат од рамките на анонимноста, а ликовната публика поблиску да се запознае со нивните ликовни дострели, тенденции и афенитети кон различните ликовни дисциплини и техники.*

*Изложбата Ликовни уметници - аматери, Културно информативниот центар - Скопје за првпат ја организираше 1959 година и оттогаш па се до денес бројот на учесниците континуирано се зголемуваше, но не само во однос на континуитетот, туку и на квалитетот. Успесите што се постигнуваат во областа на аматеризмот се резултат на перманентно работење на ликовните клубови при домовите на културата, училиштата, како и индивидуално творење кај поединци. Некои од овие ликовни творци заради својот исклучителен талент беа членови на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Повеќето од нив, освен групни имале и свои самостојни изложби.*

*На годинашната XXXIX по ред традиционална изложба учествуваат 26 автори со исто толку дела. Експонатите се дела на аматери од различни возрасти, од ученици до пензионери со различна професионална определеност. Застапени се ликовните дисциплини - сликарство, скулптура и сликарските техники: масло, акварел, пастел, темпера и молив. Мотивите се различни (пејсажи, портрети, мртва природа, архитектура, цвеќе, како и апстрактни композиции) работени искрено, непосредно, без големо психолошко оптеретување за ликовен престиж. Иако се ова е во рамките на чистиот ликовен аматеризам, кај поединци се забележува постудиозен приод во смисол на ликовно компонирање на делото. Во духот на традицијата и годинава беа доделени три награди од организаторот - КИЦ - Скопје и две награди од Домот на културата "Кочо Рацин" - Скопје.*

*Културно - информативен центар*



*Александар Јовановиќ*
*награда за сликарство од КИЦ*

## УЧЕСНИЦИ

1 **Ацо Апостоловски**
- "Цвеќе", масло

2 **Ѓорѓе Аризанов**
- "Пејсаж", масло

3 **Стојна Василева**
- "Залез", масло

4 **Блеранда Борова**
- "Композиција", масло

5 **Славица Глигоровска**
- "Татко", "Автопортрет", непечена глина

6 **Блаже Донев**
- "Богородица Одигитрија", темпера

7 **Македонка Димова**
- "Лежечки акт", масло

8 **Филип Ивановски**
- "Климент Охридски", "Првиот грев", гипс

9 **Драган Ивановски**
- "Плавиот бокал", масло

10 **Ромир Имами**
- "Потонат свет", пастел

11 **Нада Јанева**
- "Портрет", масло

12 **Александар Јовановиќ**
- "Радика", масло

13 **Анка-Анче Колева**
- "Бранување", масло

14 **Арта Каба**
- "Композиција", масло

15 **Розе Мојсовска**
- "Бања Банско", масло

16 **Родна Маркова**
- "Дојрана", бакар

17 **Захарија Пејовиќ**
- "Од Црна Гора", масло

18 **Адриана Петровска**
- "Цвеќе Малока", масло

19 **Душанка Поповска**
- "Почеток", комб. тех.

20 **Душан Стојановски**
- "Мајка Тереза", мозаик

21 **Неждет Саити - Џети**
- "Небулозно утро", акварел

22 **Јованче Сантовски**
- "Стариот мост", масло

23 **Виолета Сантовска**
- "Боцки", акварел

24 **Снежана Симевска**
- "Чистелина", масло

25 **Стојадин Трниниќ**
- "Мотив од Кртеке", акварел

26 **Горанче Тошевски**
- "Мртва природа", масло

27 **Драган Тасиќ**
- "Залез", пастел

28 **Оливија Циева**
- "Најпосле", пастел

29 **Елена - Ели Чочкова**
- "Мртва природа", масло



*Ацо Апостоловски - награда за сликарство од Домот на културата "Кочо Рацин" Скопје*



КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

*Организатор на изложбата: Културно - информативен центар Скопје, за издавачот: Љупчо Маленков, фотографии: Станко Неделковски дизајн и печат: DE STILL, тираж: 300*

*Изложбата и каталогот се реализирани со помош на Министерството за култура на Република Македонија*